# Безбедносни напомени

Пред првата употреба на уредот прочитајте ги овие безбедносни напомени и оригиналните упатства. Постапете во согласност со нив.
Чувајте ги и двете брошури за понатамошна употреба или за следните сопственици.

- Пред првото вклучување, Ве молиме погледнете ги графичките упатства за употреба за Вашиот уред и овие безбедносни упатства.
- Дополнително на забелешките во упатствата за употреба, исто така треба да ги земете предвид и општите безбедносни прописи и упатствата за спречување на несреќи применливи согласно закон.
- Фолијата од амбалажата држете ја подалеку од дофат на деца, бидејќи таа претставува ризик од задушување.

## Нивоа на опасност

### ⚠ ОПАСНОСТ

*● Индикација на непосредна закана од опасност која ќе доведе до сериозни повреди или дури и смрт.*

### ⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

*● Индикација на потенцијално опасна ситуација која може да доведе до сериозна пореда или дури и смрт.*

### ⚠ ПРЕТПАЗЛИВОСТ

*● Индикација на потенцијално опасна ситуација која може да доведе до лесни повреди.*

### ВНИМАНИЕ

*● Индикација на потенцијално опасна ситуација која може да доведе до материјална штета.*

## Општи напомени

***⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ*** *● Лица со намалени физички, сетилни или ментални способности и лица кои имаат недостаток на искуство и знаење смеат да го употребуваат уредот само доколку се под соодветен надзор, добиле упатства за безбедна употреба на уредот од лице одговорно за нивната безбедност и ги разбираат ризиците кои произлегуваат од тоа. ● Децата мора да бидат под надзор за да се спречи нивно играње со уредот. ● Деца кои имаат најмалку 8 години смеат да го користат уредот доколку се под соодветен надзор или добиле упатства за негова употреба од лице кое е одговорно за нивната безбедност, и ако ги разбрале ризиците кои произлегуват од тоа. ● Деца смеат да вршат чистење и корисничко одржување само под надзор. ● Деца не смеат да си играат со уредот.*

## Ризик од струен удар

***⚠ ОПАСНОСТ*** *● Никогаш не ги допирајте приклучокот за напојување и штекерот со мокри раце. ● Никогаш не ги допирајте контактите или жиците.*

*● Никогаш не вметнувајте предмети што спроведуваат струја, на пример шрафцигер или слично, во штекерот за полнење од уредот. ● Не ја изложувајте батеријата на силна сончева светлина, топлина или оган.*
*● Не го насочувајте млазот за прскање на уреди кои содржат електрични компоненти, на пример внатрешниот простор на рерни.*

***⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ*** *● Уредот полнете го само со оригиналниот полнач доставен со уредот или со полнач одобрен од KÄRCHER. ● Веднаш заменете го оштетениот полнач заедно со кабелот за полнење со оригинален дел. ● Не полнете оштетени батериски пакувања. Заменете ги оштетените батериски пакувања со батериски пакувања одобрени од KÄRCHER.* *Не се однесува на уреди со фиксно вградена батерија*
*● Користете го само полначот кој што е одобрен за батериските пакувања. ● Уредот содржи електрични компоненти - не го чистете уредот под проточна вода.*

***ВНИМАНИЕ*** *● Опасност од краток спој. Не ги складирајте батериите заедно со метални предмети.*

*● Полначот користете го и складирајте го само во суви простории. ● Овој уред содржи батерии кои не можат да се заменат.* *Не се однесува на уреди со заменливо батериско пакување*

## Работа

***⚠ ОПАСНОСТ*** *● Ризик од експлозија. Не ги полнете батериите (примарните ќелии). ● Не ги фрлајте батериските пакувања во оган или во домашното ѓубре. ● Избегнувајте контакт со течност која истекува од неисправна батерија. Во случај да дојде до контакт, веднаш исплакнете ја течноста со вода, а во случај на контакт со очите дополнително консултирајте се и со доктор.*

***⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ*** *● Ризик од повреда. Не го насочувајте млазот од прскалката во очите.*

***⚠ ПРЕТПАЗЛИВОСТ*** *● Не го користете уредот доколку претходно паднал, видливо е оштетен или доколку протекува.*

***ВНИМАНИЕ*** *● Не вметнувајте било какви предмети во испустот за воздух. ● Тестирајте ја крпата за бришење од микрофибер на место кое не е забележливо пред да го користите чистачот за прозори на осетливи (со висок сјај) површини. ● Уредот складирајте го само во исправена положба. ● Уредот складирајте го само во суви простории. Штом нивото на нечиста вода во канистерот за нечиста вода достигне до ознаката MAX, веднаш исклучете го уредот и испразнете го канистерот за нечистата вода.*

# Наменета употреба

Уредот користете го само во приватни домаќинства. Овој уред на батериски погон е дизајниран за чистење влажни, рамни површини како што се прозорци, огледала или плочки. Почитувајте ги безбедносните упатства.

- Никогаш не го користете уредот за вшмукување прашина.
- Не вшмукувајте повеќе од 25 ml течност. Уредот не е соодветен за вшмукување на големи количини на течност од хоризонтални површини, на пример од превртена чаша.
- Уредот користете го само во комбинација со вообичаени средства за чистење прозорци (без алкохол и без пена за чистење).
- Уредот користете го само со додатоци и резервни делови одобрени од KÄRCHER.

Секоја друга употреба се смета за спротивна на наменетата употреба. Производителот нема да биде одговорен за било какви оштетувања кои би можеле да произлезат од тоа; ризикот го сноси исклучиво корисникот.

# Симболи

## Симболи на уредот

(според типот на уредот)

| |
|---|
|  |
| Батеријата полнете ја само со оригиналниот полнач доставен со уредот или со полнач одобрен од KÄRCHER. |

| | |
|---|---|
|  | Полначот користете го само во суви простории. |

**Само за уреди со отстранлива батерија**

| | |
|---|---|
|  | Не ја фрлајте батеријата во оган |
|  | Не ја фрлајте батеријата во вода |

## Симболи во упатството за употреба

| | |
|---|---|
|  | Време на полнење за празна батерија |
|  | Капацитет на канистерот за нечиста вода |
|  | Време на работа со полна батерија |
|   | Излезен напон/ излезна струја на полначот |
|  | **Симболи според типот на уредот** Кога батеријата е целосно наполнета, LED светлото се вклучува и свети 60 минути и потоа се исклучува |
| ** | **Дополнителна опрема** Се состои од станица за полнење и батерија, во зависност од опремата |
|  | Поврзете ја станицата за полнење со кабелот за напојување и вклучете го во штекер за струја |
|  | Поставете ја батеријата во станицата за полнење |
|  | Поставете го уредот во станицата за полнење ***Забелешка*** *Батеријата мора да е во уредот кога се полни.* |
|  | Поставете ги заменливата батерија и уредот во станицата за полнење во исто време ***Забелешка*** *Батеријата мора да биде во уредот кога се полни. Најпрвин, целосно се полни батеријата во уредот. Уредот е спремен за употреба. Потоа, станицата за полнење ќе започне да ја полни заменливата батерија.* |
|  | Номинален напон на батеријата |
|  | Номинална јачина на уредот |
|  | Потрошувачка на енергија |

| | |
|---|---|
|  | Капацитет на батеријата |
|  | Класа на заштита |
|  | Тежина |
|  | Ниво на звучен притисок (EN 60704-2-1) |

# Опсег на испорака

Опсегот на испорака на уредот е прикажан на амбалажата. При распакување проверете дали содржината е целосна. Доколку недостасуваат додатоци или во случај на оштетување при транспорт, информирајте го вашиот дистрибутер.

# Заштита на животната средина



Материјалот од амбалажата може да се рециклира. Ве молиме да ја исфрлите амбалажата во согласност со еколошките прописи.



Електричните и електронските уреди содржат вредни материјали кои можат да се рециклираат, а често и делови како батерии, батерии кои можат да се полнат или масло, кои, доколку со нив се ракува несоодветно или неправилно се фрлат, можат да претставуваат потенцијална опасност по здравјето на луѓето и животната средина. Сепак, овие делови се потребни за правилна работа на уредот. Уредите што се означени со овој симбол не смеат да се исфрлат заедно со обичното домашно ѓубре.

**Напомени за состојките (REACH)**

Ажурирани информации за состојките можете да најдете на: *www.kaercher.com/REACH*

# Транспорт

Батеријата е тестирана во согласност со релевантните прописи за меѓународен транспорт и може да се транспортира / испорачува.

# Гаранција

Во секоја земја важат гарантните услови објавени од надлежната дистрибутивна компанија. Евентуалните дефекти на уредот во периодот покриен со гаранцијата ќе ги поправиме бесплатно доколку причината за тоа е во материјалот или производството. Во случај опфатен со гаранцијта Ве молиме контактирајте го вашиот дистрибутер (со сметката за купувањето) или најблискиот овластен сервисен центар.

(Видете ја адресата на задната страна)

# Додатоци и резервни делови

Користете само оригинални додатоци и оригинални резервни делови. Тие осигуруваат безбедна работа на уредот и работа без грешки.

Информации за додатоци и резервни делови може да се најдат на *www.kaercher.com*.